Врз основа на член 54 став (1) точка 2. потточка 2.18 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 22 октомври 2025 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје за 2024 година

1. Со ова решение се одобрува Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје за 2024 година доставен од службеникот за усогласеност.
2. Годишниот извештај од точка 1 од ова решение службеникот за усогласеност да го објави на веб страницата на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје во рок од 30 дена од денот на донесувањето на ова решение.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и се објавува на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 163 став (6) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), службеникот за усогласеност на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција), на 4 септември 2025 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави на одобрување Годишен извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје за 2024 година (во понатамошниот текст: Годишен извештај) бр. 03-2130/1 од 1 септември 2025 година заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-1466/2 од 1 септември 2025 година.

Регулаторната комисија за енергетика го разгледа доставениот Годишен извештај и на 29 септември 2025 година до службеникот за усогласеност достави Известување бр. 12-1466/3 од 29 септември 2025 година со кое побара текстот на Годишниот извештај да се корегира и дополни. Службеникот за усогласеност на 15 октомври 2025 година до Регулаторната комисија за енергетика достави дополнет Годишен извештај бр. 03-2130/2 од 13 октомври 2025 година заведен во Регулаторната комисија за енергетика под бр.12-1466/4 од 15 октомври 2025 година.

На 22 октомври 2025 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која го разгледа и одобри Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје за 2024 година бр. 03-2130/2 од 13 октомври 2025 година, којшто е во прилог на ова решение.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

Бр.12-1466/5
22 октомври 2025 година
Скопје

Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија

Марко Бислимоски

Прилог: Годишен извештај на службеникот на усогласеност на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје бр. 03-2130/2 од 13 октомври 2025 година